# ЗАКОН ЗА РЕВИЗИЈА

Пречистен текст (Неофицијална верзија)

("Службен весник на РМ" бр.158/10,135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15 , 192/15, 23/16 и 83/18)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите за вршење на ревизија во правните лица кои вршат дејност во Република Македонија.

Член 2

Одредбите на овој закон се однесуваат на законски и договорни ревизорски ангажмани кои се вршат во Република Македонија.

Член 3

(1) За се што не е утврдено со овој закон се применуваат одредбите од Законот за трговски друштва во врска со вршењето на работите на ревизијата.

(2) За се што не е утврдено со овој закон во врска со водењето на управните постапки за издавање на лиценца за овластен ревизор, лиценца за работа на друштво за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор-трговец поединец се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка.

Дефиниции

Член 4

Одделни поими и кратенки употребени во овој закон го имаат следново значење:

1.**„Ревизија"** е независно испитување на финансиските извештаи или консолидираните извештаи и на финансиските информации, со цел да се изрази мислење во врска со нивната вистинитост и непристрасност и нивната усогласеност со прифатената рамка за финансиско известување;

2.**„Законска ревизија"** е задолжително испитување, постапки, проверки и уверувања на годишната сметка и/или финансиските извештаи или консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи кои се вршат врз основа на закон во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија на IFAC и други релевантни објави на IFAC прифатени и објавени во Република Македонија со цел да се изрази мислење, заклучок или уверување во врска со нивната вистинитост и непристрасност и нивната усогласеност со прифатената рамка за финансиско известување;

3. **„Договорна ревизија"** е незадолжително испитување, постапки, проверки и уверувања на годишната сметка, финансиските извештаи, консолидираната годишна сметка и на други финансиски информации, кои се вршат врз основа на договор во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија на IFAC и други релевантни објави на IFAC прифатени и објавени во Република Македонија со цел да се изрази мислење, заклучок или уверување во врска со нивната вистинитост и непристрасност и нивната усогласеност со прифатената и друга рамка за финансиско известување;

4.**„Субјект на ревизија"** е правно лице чии финансиски извештаи се предмет на